**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 17 јули 2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 17 јули 2018 година**

Седницата се одржа во сала Борис Трајковски, во Собранието на Република Македонија, со почеток од 11,35 часот. Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтерграции.

**Никола Попоски:**

Добар ден на сите. Почитувани пратеници членови на Националниот совет за европски интеграции, членови на комисиите во Парламентот кои се присутни, почитувани екселенции, амбасадори. Би сакал во наше заедничко име да поздравам посетата и во оваа прилика и обраќањето на господинот Јоханес Хан комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската унија, воедно го поздравуваме присуството и на европратеникот Иво Вајгл кое воедно е известувач за Република Македонија во Европскиот парламент, секако и Самуел Жбогар амбасадорот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Како претставник на Владата со нас е вицепремиерот, потпретседателот на Владата заложен за европски прашања господинот Бујар Османи. На денешната седница имаме би рекол една клучна точка која се однесува на евроинтегративниот процес, а тоа е она што следува во следниот период и мислам дека никој од нас не треба да има очекувања дека тоа што следува ќе биде полесно или поедноставно од она што не очекуваше во изминатите 17 години од оној момент кога го имаме потпишано Договорот односно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во интерес на времето би го поканил почитуваниот комесар Јоханес Хан да ни се обрати, а потоа ќе имаме можности да направиме една кратка и концизна дискусија за да го приближиме и него до различните видувања кои ги имаме тука во Република Македонија во однос на следните чекори. Ви благодарам. Повелете комесаре.

**Јоханес Хан:**

Благодарам господине претседавач, заменик премиере. Би сакал да му посакам добредојде на господинот Иво Вајгл кој што играше важна улога и се уште игра важна улога во име на Европскиот парламент, голема благодарност за вашите напори особено во однос на дијалогот помеѓу политичките партии и исто така да им посакам добредојде на членовите на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани гости навистина ми претставува задоволство што сум денес овде во Скопје. Како што знаете имав чести контакти со вашите лидери изминативе месеци но секогаш се радувам на можностите да разменам мислења и ставови со претставниците на граѓанското општество и бизнис заедницата кој што ги сметам од круцијална важност за обликување на мислењето, на јавното мислење во државата, а тоа е многу важно за наредниве неколку седмици пред нас.

Многу ми е мило што се среќавам со вас денес, ве сметам за клучни играчи во однос на евроинтегративниот процес на вашата земја. Изминативе неколку месеци беа карактеризирани со важни одлуки за вашата иднина. Ако можам да кажам историскиот договор, историските договори со Грција и Бугарија создадоа барем на Европската страна еден многу позитивен моментум, покажавте посветеност и одлучност да ги надминете билатералните спорови, тоа поставува силен пример за другите во регионот за зајакнување на добрососедските односи и сакам да ве потсетам дека Комисијата во почетокот на оваа година ја објави својата Стратегија за Западен

Балкан. Еден од јасните услови за идните членки на Европската унија е дека нема да се прифатат нови земји членки без да бидат разрешени сите билатерални спорови. Тоа создаде голема активност во регионот и во тој контекст се случија договорите што ги постигна вашата земја. Ова доведе до тоа да само до пред неколку седмици имавме заклучок од страна на Советот за општи прашања при Европскиот совет со кој што ни дозволи нам како Европска комисија да започнеме веднаш со подготовките за почеток за преговорите а тоа е скрининг процесот и токму затоа сум денес овде, официјално да го инагурирам овој процес тоа е многу важен датум за пристапниот процес на вашата земја кон членство кон Европската унија. Како што знаете Советот за општи прашања на Европската унија ја отвори патеката за отворање на пристапните преговори во Јуни 2019 година. Така што благодарение на овој заклучок ни дадоа задача на нас како Европска комисија да започнеме со тие подготвителни активности, за да можеме да се движиме напред исто така е важно да се продолжи со имплементацијата на Пржинскиот договор и на идните реформски приоритети. Оваа одлука е и јасен знак за довербата која ја имаме во правецот по кој се движи вашата земја, како што рековме Европската комисија сега треба да започне со подготвителни работи. Вие испорачавте а сега е време и Европската унија да испорача од своја страна и токму затоа сме денес овде, мојата екипа и претставниците на Европска комисија. Скринингот претставува темел на секојдневна активност не е тоа ништо површинско, тоа го спроведува Европската комисија. Активностите ќе ги почнеме сега за да ја подготвиме вашата земја, да ги почне преговорите во јуни 2019 година секако од како каква соодветна одлука ќе донесе Европскиот совет. Скринингот ќе ви овозможи да се запознаете понатаму со европското законодавство исто така на овој начин Европска комисија ќе може да ја оцени вашата подготвеност да ги преземете врз себе обврските на членството како што се: владеењето на правото, тоа е поглавјето 23 тоа се судството, основните права но и поглавјето 24 правда, слободи и безбедност. Ова ја покажува нашата посветеност да ве придружуваме во вашата работа и напори на овој пат. Националниот совет за евроинтеграции играше многу важна улога во голем број држави кога истите се подготвуваа за членство во ЕУ. И, вашиот Совет ќе има круциална улога наредниве месеци и се надевам дека работата на Советот ќе биде инспирирана токму од овој процес и од овој пат. И, ве охрабрувам да го мониторирате одблизу овој процес. Ќе биде важно да се демонстрира инклузивност и да се работи на стратешките приоритети на земјата. Имате единствена можност да се обединат сите различни сили во општеството и да се направи разлика на подобро.

Пред нас се голем број предизвици, затоа ве охрабрувам да бидете концентрирани и обединети во однос на реформите за ЕУ приоритет треба да се даде на клучните области идетифікувани од страна на Европскиот совет. Ќе продолжиме да ви помагаме во овој процес особено кога станува збор за реформите во правосудството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на безбедносните и реформирачките структури и реформата на јавната администрација. Некои од овие реформи се комплементарни на оние кој што се потребни за пристапните преговори со НАТО. Во овој поглед искрено би сакал да ви честитам за поканата што ја добивте минатата недела да се придружите на алијансата. Тоа е уште еден клучен датум на вашата Евроатланска патека кој што ќе придонесе кон мир и стабилност не само во вашата земја туку и во поширокиот регион. Предвидениот референдум есенва ќе биде важен момент за вашата иднина, ве повикувам сите вас да учествувате и тука особено се обраќам на младите гласачи, многу е важно да во што поголем број граѓани го остварат своето демократско право да гласаат. Во многу земји сме имале, сме виделе ситуации и искуства дека секој глас

е битен и никој не смее да ја потцени важноста на секој еден глас за крајниот исход. Можете да сметате на нашата континуирана поддршка ајде да се зафатиме со работа имате рандеву, средба со историјата, што не е секогаш и секаде случај во историјата на една земја но токму тоа е она што го правиме овде и затоа нема време за губење. Ви благодарам за вниманието и уште еднаш ние сме само на почетокот од една долга патека, од едно долго патување, со нетрпение ги очекувам денешниве разговори но и во иднина и во Брисел исто така, и сигурен сум дека Европскиот парламент особено ќе даде голема поддршка како што беше случај и изминативе неколку години. Ви благодарам многу.

**Никола Попоски:**

Му благодарам на комесарот Јоханес Хан за неговите отворени и директни зборови и би го поканил пратеникот во Европскиот парламент и известувач за Република Македонија господинот Иво Вајгл. Повелете.

**Иво Вајгл:**

Ви благодарам. Благодарам Никола, драго ми е што ве гледам на оваа активна позиција овде. Драго ми е што сум поканет на оваа важна седница и средба денес исто така ова е клучен историски момент за Македонија. Истиот не треба да се потцени и истиот треба да се процени како прв конкретен чекор кон членството во Европската унија. Ова е шанса да се започне со прилагодување, со усогласување на законодавството на стандардите на една земја кандидат за членството во Европската унија. Ова не е формалност ова е содржинска шанса за напредок, задоволство ми е што овде гледам претставници на Собранието но и важни научни и универзитетски и други институции, како институции на граѓанското општество. Членството во Европската унија како и членството во НАТО, е историска шанса за Македонија, нема втора шанса. Сакам да ви ја споделам пораката со вас дека нема да има втора шанса за да се решат отворените прашања кои што го оптоваруваат процесот на Македонија во многуте години. Од како Македонија беше _____ како кандидат и како водач кон патот кон Европската унија од регионот. Никој не може да замисли подобри услови за да се започнат преговори и да се завршат преговорите успешно. Успешно меѓу Македонија и Грција, не треба да го заборавиме ова. Би сакал да им честитам на преговарачите од Владата на Македонија кој што инвестираа и вложија толку многу енергија и беа подготвени на компромис. Зборот компромис е клучен за парламентарната работа истиот е потребен, потребен е во Собранието но потребен е и во Европскиот парламент. И може да ви кажам дека во Европскиот парламент постигнавме дури и скоро едногласност дека процесот на проширување треба да продолжи од тука. Комесарот Хан кој што е навистина строг партнер но и посветен борец за прашањето за проширување и за интересите на Европската унија да имаат, да имаме една проширена Европската унија преку побезбедни, попрогресивни и пообединети земји. Од тука зборовите на комесарот Хан треба да бидат навистина земени како совет, совет од добар пријател. Од тука би апелирал до пратениците особено да работат заедно да ги ставаат интересите на земјата пред интересите на одредени политички партии. Партиите се играчи, еден може да победи, еден да изгуби, понекогаш сте победник, понекогаш сте губитник но интересот на земјата е единствен и истиот треба да подразбира влогови на добра волја и компромис. На крајот ќе кажам дека имавме добро искуство со процесот Жан Моне дијалог, што покажа дека има интерес меѓу пратениците да работат заедно, да соработуваат да најдат заедничко тло

и заеднички мислења по одредени прашања. Од тука би сакал да ве повикам да продолжиме со работата на ова прашање. Ви благодарам.

**Никола Попоски:**

Ви благодарам господине Вајгл. Би се обратил сега во својство на претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

Благодарам на сите што сте денес тука мислам дека треба да ги кажеме работите на наједноставен можен начин. Фер би било и спрема нас и сите останати. Скрининг значи од прилика дијагноза. Тоа е согледување на законите, како изгледаат, до каде сме со усогласување во поглед на законодавството на Европската унија и вториот дел согледување дали имаме институции кои можат да ги применат. Ова е работа која според, во правилата на Европската унија требаше во Македонија да почне во 2005 година ако се родеше дете тогаш кога ние станавме земја кандидат во 2005 година и според тогашните правила требаше да почне процесот на скрининг. Ова дете денес ќе беше полу матурант, значи денес ние немаме причина за чочеци од нели немаме многу причини за славење и организирање на концерти ние денес треба да сме свесни дека имаме еден полуматурант на кој треба да му помогнеме да ја смени матрицата односно да си ја смени иднината за да не се случи во меѓувреме да заврши средно и да стекне 10 години работно искуство а ние се уште да го правиме тоа што требало да ни се случи во 2005 година. Значи, мислам дека имаме една многу голема одговорност за она време за овој матурант кој се родил во времето кога требало да почнеме со Скрининг процес, да не заглави уште повеќе и таа одговорност мораме да ја имаме секогаш да ја имаме во предвид кога ќе носиме одлуки во следниот период. Овие луѓе кои се дојдени денес тука ни се искрени пријатели од Европската унија и од Брисел бидејќи тие се посветени и веруваат на идејата на Моне дека ова е најуспешниот проект. Единствената формула која овозможила 70 години да не се војува помеѓу земји членки во Европската унија односно во Европа е токму е Европската унија. Моне верувал во тоа, овие луѓе веруваат во тоа. Но, ние мораме исто така да ја согледаме реалноста, тие се малцинство. Тие се денес малцинство, мнозинството во Европската унија на луѓе денес се неутрално негативни и ние ако не ги добиеме срцата и душите на тие граѓани да бидат неутрално позитивни, ќе кубуриме уште долг низ на години и затоа треба да бидеме свесни за одлуките кои ги носиме. Мировен проект кој мора да биде успешен но кои денес кај овие неутрално негативни луѓе тешко се продава. Зошто? Имаат заборавено дека на овој континент имало војни и преокупирани се со дневните проблеми, дневните проблеми се дополнително мигранти, плус сиромашни земји во Европската унија, проблеми во одлучувањето, се се носи со консезус, фрустрации кон Брисел и сето тоа предизвикува да тие луѓе можеби на следните избори на пролет во Европската унија ќе имаат сериозно можеби не мнозинство но малцинство кое ќе може да блокира многу работи. ние ќе влеземе во таа реалност, доволно е да погледнеме дека во меѓувреме една земја членка не било која, туку третата најголема економија во Европската унија ќе биде надвор и таа Британија која на почетокот не била посакувана во Европската унија бидејќи да направеле референдум во Франција тогаш немало да има поддршка за влез на Велика Британија во заедницата, е влезена, придонела за мировниот проект, денес излегува и ќе остане посветена на мировниот проект. Во спротивно не би трошеле време со нас да прават самите и за Западен Балкан и ќе останат посветени но веруваат дека најбитен елемент е верба во демократија. Значи можете да кажете што сакате но Британците имаат една не видена верба во демократија која можеби денес е основниот недостаток кој ние за 27 години не сме го развиле. Ако бидеме објективни

можеби поголем демократски капацитет сме имале пред 27 години колку што имаме денес и за тоа не треба да обвинуваме некој надвор, некој во Европската унија, треба сами да си седнеме и да го согледаме дворот. Имаме изградено култура во која било кој да е на власт битно е да презентира слика на некаква обединетост, комуникација и т.н. а во суштина да продолжи да го прави она што власта најдобро го прави во овој дел од Европскиот континент а тоа е имаме мнозинство и правиме што сакаме. Од прилика на тоа се сведува еве денеска имаме една добра група, добра атмосфера, добро друштво од Брисел за да одиме напред и да повлечеме во истиот ден штом Хан ќе се качи на авионот и ќе замине за Брисел, ние ќе имаме Собраниска седница со прекршување на еден куп процедури, на еден куп закони и т.н и тоа ќе им го продадеме како еве гласаме закони се усогласуваме во пресрет на скринингот. Ако тоа не го корегираме кај нас ако таа матрица не ја смениме тогаш без предметно ќе биде ние да говориме за некаква консолидација и за убедување на нашите пријатели во Европската унија. Нас ни треба промена на матрица и внимавајте на ова бидејќи ова е најзначајно аргументот кој најчесто се користи за тоа е: Абе знаете и они пред тоа и оние пред тоа и оние пред пред тоа истото го правеле. Абе луѓе, ние имаме матурант, полуматурант имаме ќе заврши средно и ќе има 10 години работно искуство ако не ја смениме матрицата по која функционираме.  Значи тоа кој, што правел во минатото треба да заврши, треба да фатиме да размислуваме што ќе правиме од утре понатаму. И, веројатно тоа е можно бидејќи Македонија има капацитет, колку и ние да не сакаме да го признаеме, граѓаните согледуваат што е добро, што не е добро и во кој правец треба да се движиме. Јас мислам дека имаме привилегија можеби да ја зацврстиме Македонија и да му овозможиме на ова момче или девојче кое ни е полуматурант и требало тогаш кога се родило да почне скрининг процесот, да го смени менталниот склоп. Тоа носи одговорност не само за власта туку и за опозицијата. Многу е лесно да седите во клупа и да кажувате што не чини. Ако сте сериозна опозиција треба да излезете и да кажете што треба да се прави и да понудите решенија. Ако говориме конкретно за скрининг процесот во кој како што реков треба да некој од Брисел да доаѓа и да согледува какви ни се законите, супер ни се, и како ги применуваме, тука кубуриме институционално. Добро е и Собраниево да го трансформираме во некоја институција која ќе прави добар процес и нема да продолжи да се фолира дека само печати закони и дека со тоа се усогласува со Европската унија. Значи ние имаме одлични закони за животна средина, знаете во Скопје воздухот не е загаден затоа што немаме добар закон, ние имаме супер закон, нашиот закон е споредлив со Германскиот. Ние немаме институции кои го применуваат тоа, тоа е нашиот проблем, значи треба да се занимаваме со институциите и капацитетот и нема заради Скринингот да ни дојде подобар закон за заштита на води, шишињата во Вардар ќе пливаат, немаме институции кои го спроведуваат тоа. Предлогот, ако говориме за предлогот во оваа куќа кој може да се согледа објективно или да се рече: Видете ние сме власт вие сте опозиција бркајте работа таму, си тераме по старо, е следен, наместо да продолжиме во следниве 6 месеци да печатиме закони за кои еден куп експерти и наши пријатели од Европската унија ни рекоа дека се супер, одлични, добро сме ги средиле, да седнеме овдека и 6 месеци да се посветиме на скрининг наш, домашен, Македонски на капацитетот на институциите за примена. Ако се обединат позиција и опозиција околу скринингот на капацитетот на тие институции јас мислам Македонија ќе добие. Граѓаните ќе не испочитуваат и ќе речат: Видете овој полуматурантов може и да го задржиме пошто може и некоја институција ќе се размрда. Верувајте ако не го смениме тоа, нема да не спаси ни скрининг ни два скрининга, ни пет скрининга. Промена на менталитет со среќа да ни е. Ви благодарам.

Ја повикувам потпретседателката на Националниот совет за евроинтеграции госпоѓица Ивана Туфегџиќ, повелете.

**Ивана Туфегџиќ:**

Благодарам почитуван претседателе, почитуван претседателе на Собранието, почитуван еврокомесаре Хан, почитуван потпретседател на Владата Бујар Османи, почитуван ЕУ амбасадоре, почитуван европратеник Вајгл, почитувани амбасадори и претставници на дипломатскиот кор, почитувани колеги пратеници. Мислев денеска да зборувам за важноста на дијалогот на што ќе се осврнам секако меѓутоа на почетокот морам да кажам дека одговорноста на сите политички актери, интелектуалци, медиуми, сите чинители во ова општество е пред се да внимаваат што зборуваат во јавноста се со цел да не ги замајуваат граѓаните затоа што од ширење на омраза ако се сеќавате пред година дена стигнавме на раб на бездната и од таму се извлековме, за година дена подоцна да е тука еврокомесарот за проширување со најава за почеток на еден темелен скрининг процес за отпочнување на преговори на Република Македонија.

Мислам дека тоа е клучниот момент кои што сите дома треба да го сфатиме пред да почнеме да делиме лекции околу тоа кој како треба да се однесува дома. И пред да кажеме дека сме ги чуле домашните задачи од ЕУ, меѓутоа најмногу тие домашни задачи доаѓаат всушност од нашите граѓани кои бараат владеење на правото, борба против корупцијата и сите останати приоритети кои ги имаат наведено.

Што се однесува до дијалогот ќе потсетам дека претходната политичка криза покрај криза на неказнивост, и Европската унија ја означува како една од најдлабоките политички кризи по конфликтот 2001 година, беше и криза поради недостаток на дијалог, немавме дијалог внатре во институциите, помеѓу власта и опозицијата и немавме дијалог кон надвор. Под надвор мислам на пред се на граѓанското општество.

Можам да кажам дека во Собранието особено по 27 април се направија серозни напори од сите политички актери со цел надградување на тој дијалог и тоа е се однесува само на реформските пакети кои што се несомнено важни особено оние за кои е потребно 2/3 мнозинство и тука ќе речете да, тука е нужна опозицијата, без нејзе не можете да ги донесете законите меѓутоа и на други полиња кои што се важни за граѓаните и затоа овој состав на Парламентот има најголем број на крос партии групи, тематски групи кои што се занимаваат со различни прашања од жените до лицата со посебни потреби, ромите, младите и правата на ЛГБТ заедницата. Со неколку сме први во регионот на Западен Балкан од сите Парламенти како на пример клубовите за млади роми и ЛГБТ и права на ЛГБТ заедницата. И тоа е сериозен чекор кои што ние го правиме напред во поглед на унапредување на човековите права меѓутоа и испраќање на политичка порака од Собранието од страна на сите актери на Собранието кон тие специфични групи кои и во заклучоците на Советот на ЕУ стојат дека за Република Македонија особено младинската и невработеноста на жените како и правата на ЛГБТ заедницата и на ромите.

Клубот за млади на пример е составен од пратеници од сите пратенички групи во Собранието и истиот испраќа порака дека може да се обединиме и околу нешто што не се вика реформа во правосудствово каде ни е потребно 2/3 мнозинство. Имаме висока стапка на младинска невработеност и млади кои не се чувствуваат дека се дел од процесот на донесување на одлуки. На клубот партнер му се младинските организации кои што даваат активен придонес во креирањето на политиките со сите засегнати страни вклучувајќи ја тука и Владата. Дополнително младите од Република Македонија учествуваат и во процесот на креирање на Европската стратегија за млади

преку структурниот дијалог кои што беше најдобро оценет од не ЕУ држави дека е спроведен во Република Македонија, за кои што се очекуваат заклучоците под австриското претседателство.

ЛГБТ клубот односно клубот за правата на ЛГБТ лицата е првиот клуб од ваков тип во регионот кои што и ги има за партнер повторно граѓанските организации и кои што баш денеска точка на дневен ред е Законот за заштита од дискриминација.

И последниот кој што е формиран е Интерпартиската односно Интерпартиската група парламентарна група за правата на ромите кои што се секогаш за жал манифестирани во сите извештаи како маргинализирана група и најдискриминирана група.

Зошто ги кажав овие примери. Затоа што мислам дека ова се важни примери како во македонското Собрание може кога се сака да се изгради консензус, да го речеме консензус по важни прашања на граѓаните и мислам дека ова се примери кои треба да послужат и понатаму во реформскиот процес особено во начинот на вклучувањето на граѓанското општество како наш надворешен партнер бидејќи граѓанското општество е партнер и на Собранието и на Владата и на сите институции и верувам дека ваквите примери ќе се следат и во патот на реформите кои што се забележани дека треба да ги исполниме, не само од ЕУ повторувам од граѓаните на Република Македонија, граѓаните го бараат тоа. Европската Унија е дополнително мониторот од тоа дали се спроведува или не.

Денеска мислам дека е ден кога е потребно опозицијата да се повика активно да учествува во сите овие процеси затоа што сите ние носиме одговорност. Тоа што сме денеска собрани овде не е за Европската Унија, не е за НАТО, не е ни за политичките партии, не е ниту за самите нас туку е за генерациите потоа и за иднината која што доаѓа. Ако сите упорно во кампањите говориме младите, млади, младите, младите тогаш редно време е да седнеме и да направиме нешто за идните генерации кои што доаѓаат а да оставиме држава за лидерите на утрешнината.
Благодарам.

**Никола Попоски:** Ви благодариме.

Го повикувам заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања господинот Бујар Османи, повелете.

**Бујар Османи:** Ви благодарам.

Пред да почнам, пред неколку дена прашав, сега е време секој граѓанин вклучувајќи ја опозицијата да се произнесе на која страна е од евроатланскиот процес, и се надевам дека денешниот евроскептичен, популистички говор на претседателот на Националниот комитет не е официјалниот одговор на опозицијата.

Почитувани пратеници, почитуван комесар Хан, господине Попоски, амбасадори, колеги новинари и други поканети дозволете ми мојот говор да го почнам изразувајќи персонално лично задоволство од комесарот Хан за неговото ангажирање посебно во периодот од последните две години. Тоа во првата година со конструктивитет и настојување да се најде излез од кризата и последните 12 години за силните поддршки за реформите, афирмација на резултатите кои се видливи и конкретни.

Комесаре Хан, успехот е поголем бидејќи успеавме заедно со партнерство исто како што им наликува на пријателите кои имаат иста цел и визија за Македонија европска сила која што ќе стане дел од силната Европска унија. Сакам да ја истакнам и конструктивната улога на Собранието и работните тела при овој успех, посебно во

клучните моменти кога станува збор за неколку значајни реформи и исто така ова треба да се случува на овој начин бидејќи пристапните преговори не може да се реализираат успешно без конструктивно Собрание и целосна подготвеност со силните капацитети за следење на темпото на преговори.

Евроатланската ориентација за членството во НАТО и ЕУ никој сериозен човек на оваа земја не го контестира, ова е точката која не соединува неколку децении и околу која нема големи разлики во политичката етничка, верска и социјална линија.

Последните две недели одлучивме да ги започнеме преговорите во јуни 2019 година. Добивме повик или покана за членство во НАТО, сега веќе имаме една година пред нас за да покажеме дека го заслужуваме местото во евроатланското семејство или не. Сега е моментот да покажеме унитет и на генерациите да им оставиме држава со европски вредности каде ќе ја градат својата иднина. Ова е насоката во која ќе се движиме и која ја очекуваат над 75% од популацијата која што е одредена, определена за НАТО и ЕУ. Ова е обврска за нас политичарите на кои треба да одговориме одлучно и без резерви.

Оваа можност ја користам за да им се обратам со три кратки, јасни пораки. Прво, ова е време на одлуки. Одлуки со големо "О" бидејќи станува збор за големи историски одлуки стратешки, државни и за цели генерации но и одлуки кои што ќе треба секој од нас да ги донесе според своето лично убедување, верба и определба. Затоа пред да донесеме одлука треба да застанеме, да се замислиме за тоа дека одлуката не е само за нашата иднина туку и за иднината на нашите деца, нашите внуци и другите генерации. Од оваа одлука ќе зависи дали ќе се движиме напред или ќе останеме на исто место или ќе се вратиме назад. Изгубивме две децении генерации млади кои што ја напуштија државата бидејќи нема перспектива. Испуштивме многу можности. Оваа можност која што се појавува еднаш на една генерација и која што кој знае кога и можеби никогаш нема да се повтори не ќе ја испуштиме. Не смееме да ја испуштиме. Немаме повеќе време за губење, немаме повеќе време за изгубени генерации. Сите заслужуваме подобра иднина, европска иднина.

Второ, не почнавме од нас, ние само продолжуваме одлучно напред. Нашите аспирации за НАТО и ЕУ се од неколку децении. Ни процесите започнаа со нас а ниту ќе завршат со нас. Овие се стратешки државни интереси кои што ги пренесуваме од еден на друг и продолжуваме таму каде што застанаа другите. Десетици премиери, претседатели, стотици министри и парламентарци, илјадници државни работници и активисти од невладиниот сектор се ангажирани лично и инвестирале со своите знаења за да ја носат државата напред кон евроатланската цел. Некој постигнале повеќе, некој помалку, некој работеле во подобри услови, некој се соочиле со поголеми предизвици, некој донеле потребни одлуки а некој се двоумеле. Ние немаме двоумење и не се двоумиме за никој момент. Одиме напред бидејќи сме свесни дека нашите одлуки се правилни. Не ќе присвоиме никој успех бидејќи сами не ќе влеземе во НАТО и ЕУ но станува збор за државата, за целото општество. Ние сме свесни дека неуспехот ќе биде наш а успесите ќе бидат заеднички. Ќе го подржиме ова како дел од товарот и опасноста која што ја носиме ние како политичари секој лично.

И трето, да, ние можеме. Постојано се соочуваме со прашања од разни страни дали сме подготвени, дали можеме, дали имаме капацитети да развиеме преговори за пристап. Разбирам дека по многу години чекање има доза скептицизам, недоверба во нашите способности но ве убедувам дека оваа скица не е основана. Одговорот е силен и без двоумење. Да, ние можеме. Самодовербата треба да ја пратиме бидејќи е тука и е присутна. Сме покажале и докажале дека кога сме организирани добро, убедени во тоа што треба да го постигнеме мора да постигнеме резултати како држава и како

политичари и како институции и како администрација и како општество. Преку овој процес поминале многу држави и помали од нас. Нема воопшто основа да не веруваме во себе и да го поминеме овој процес успешно исто така и ние. Тие кои се запознаени со процесот знаат дека се работи за голема работа со кои што илјадници страници од легислативата на Европската Унија, тука и техничките стандарди треба да се трансформираат во нашиот национален правен систем обезбедувајќи современо дека институциите имаат капацитети, знаење, ресурси, опрема за нивно остварување. Немаме време за губење и никој не може да го прави ова подобро од самите нас. Моментот е сега и одговорноста е наша. Не ќе имаме втора можност за прв впечаток.

И завршувам, од политички аспект и економски аспект, но и географски, НАТО и Европската Унија се единствената опција на нашето време кое што треба да се гледа како историска можност но и можност за нас и наредните генерации. Не очекува голема работа, заедно сме посилни. Нашата задача е да обезбедиме синергија од сите членови на општеството бидејќи може и треба да играме улога лична во изградба на оваа заедничка иднина на секој од нас. Овој Национален совет може да придонесе да чекориме, наредните чекори на процесот успешна бидејќи процесот ни следи на сите нас и сите заедно ќе живееме во таква држава каква што ќе ја создадеме самите.

Ви благодарам многу.

**Никола Попоски:** Ви благодариме на излагањето.

Со ова ја отвораме расправата на седницата на Националниот совет за евроинтеграции. Би ве замолил за поконцизни коментари во интерес на времето бидејќи има повеќе пријавено говорници.

Прв би го поканил господинот Артан Груби претседател на Комисијата за европски прашања.

**Артан Груби:** Ви благодарам Никола, ви благодарам Ивана.

Почитуван господин Хан, почитуван Бујар, господин Вајгл, она кое што го читал Кафка метаморфозис го видовме во пракса во обраќањето на претседателот на Националниот совет на евроинтеграции и престројувањето од министер за надворешни во политичар денес.

Почитуван комесар задоволство е да сте присутни тука во Република Македонија, беше неверојатна година посебна на различни начини. Пред само два дена беше годишнина од Пржинскиот договор за кои што вие сами сте дале свој извонреден придонес со вашите колеги овде во Скопје. Од овој договор произлезе Државна изборна комисија, ново Јавно специјално обвинителство, листа на системски реформи, исто и предвремени избори. Од денешната перспектива ако судиме овие елементи на договорот придонесоа со прифатливи, кредибилни избори, со веродостојни институции и враќање на односите партнерски со меѓународната заедница но на крај резултираше и со датум за зачленување во НАТО и почеток на преговори.

Повторно ќе кажам на прв поглед сето ова изгледа идилично но сепак не беше толку лесно и не беше толку добро. Помеѓу Пржинскиот договор и се мисли на Европската Унија и НАТО имавме два пати распуштање на ова Собрание и повторно враќање на едно распуштено Собрание.

Имавме скандалозна аболиција од господинот Иванов, имавме протести против овие аболиции, имавме пролонгирање од два изборни циклуси прогласени од Собранието на Република Македонија имавме многу тешки инциденти во Куманово и

Гошинце каде што имавме 18 убиени. Имавме оставки од премиери, министри, техничка влада повеќе од половина година, имавме конститутивна седница која траеше цели 4 месеци. Имавме недавање на мандатот на господинот Иванов, потоа повторно протести и сега веќе од опозицијата, насилно влегување во Собранието на 27 април и на крај избор на претседател на Собранието и понатаму избор на Владата со многу кревко парламентарно мнозинство. Да не говориме за кризата со имигрантите и да говорам и за геостратешките препукувања и геополитчките препукувања и директни странски интереси во Република Македонија и во Југоисточна Европа. Со сите овие предизвици до денес ние успеавме бидејќи работата ја правевме заедно, ние вие, политичките партии позиција и опозиција. Овде сакам да ја истакнам и конструктивната улога на опозицијата до сега во Собранието на Република Македонија и да ги поканам истовремено за последните чекори на ова многу долго патување за нашите граѓани и за нашата земја да ги правиме заедно, да избереме Државна изборна комисија и да ги усвоиме заедно уставните амандмани. Ова се очекува од нас и ова се очекува и од ВМРО ДПМНЕ. Сите ние сме на потребната страна на историјата, очекуваме и ВМРО ДПМНЕ да ни се приклучи на добриот пат за нашите граѓани за правата историја за нашата држава. Денеска е време да се ставиме на вистинската страна на историјата и ве поканувам да сме заедно на тој пат и чекорите последни од овој тридецениски маратон да ги чекориме заедно и да го заокружиме овој успех. Македонија почитувани комисионери и почитувани амбсадори не е проблем за Европската унија, туку е решение за Европската унија. Македонија не преставува товар за Европската унија, туку одржлив партнер за Европската унија. Македонија не е нешто лошо за Европската унија, туку Македонија е цела Југоисточна Европа и е добро за Европската унија. Затоа __________ за процесот на проширување и стратегијата усвоена од европскиот парламент зависи од вашиот успех, но и од нашиот заеднички успех. Благодарам.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Го поканувам господинот Горан Милески претседател на Мешовитиот парламентарен комитет помеѓу Европската унија и Република Македонија, повелете.

**Горан Милески:** Благодарам господин Попоски.

Почитуван комесаре Хан, почитуван господине Иво Вајгл, Жбогарт, почитувана колешке Туфегџиќ, присутни пратеници, дипломати и новинари.

Јас искрено сум зачуден од говорот на претседателот на Национален совет за евроинтеграции. Јасно е зошто сме чекале некое дете да стане полуматурант кога државата ни ја воделе евроскептици од рангот на Лепен и на Алернатива за Германија. Жалам што Македонија изгуби толку долго време, жалам што тоа дете еве стана полуматурант, а не ги почнал преговорите со Европската унија. Очекував искрено од Вас повеќе бидејќи Ве сметав за некој кој што е член во ЕПП, а не во радикалните структури во Европскиот Парламент.

Почитувани денес во светло на отпочнување на скрининг процесот меѓу Република Македонија со Европската комисија како аналитичка операција на усогласеноста на домашното законодавство со тоа на Европската унија со цел да го утврдиме степенот на компатибилност и да ги изградиме нашите позиции за престојниот процес на преговори за членство со земјите членки на Европската унија имам особена чест да Ви се обратам како копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија.

Вашето присуство почитувани гости и обраќањето на господинот Хан денес во Национален совет за евроинтеграции преставува валоризација на заедничките напори на сите пратеници во ова Собрание да ги донесат неопходните закони за земјата да зачекори во следната фаза на евроинтегративниот процес. Во последните 12 месеци ние како владеачко парламентарно мнозинство и Владата на Република Македонија работевме посветено на исполнување на реформите предвидени во договорот од Пржино како и на итните реформски приоритети преточени во планот 3-6-9 што беше нотирано и во Ивештајот за напредокот на Европската комисија оваа пролет. Исто така за нецела година успеавме да ги затвориме двете суштински отворени прашања со нашите соседи кои не попречуваа на еден или на друг начин во нашите евроатлански интеграции и отворивме простор за поблиска меѓусебна соработка, бидејќи сметаме дека подобро да живееме едни со други отколку едни покрај други. Има уште доста работа  и ние сме свесни за тоа. Не застануваме тука, напротив продолжуваме со реформите предвидени во новиот реформски план, планот 12, планот 18 не само заради исполнување на бараните критериуми од страна на Европската унија, туку пред се заради доброто на нашите граѓаните кои од нас тоа го очекуваат. Како копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија би сакал да го истакнам досегашното позитивно искуство со нашите колеги европратеници и дека на нашиот следен состанок кој треба да се одржи на 19 и 20 септември тука во Република Македонија во ова Собрание, ќе продолжиме со давање на свеж политички импулс на нашиот взаемен дијалог и на тој  начин ќе продолжиме да придонесуваме за унапредување на соработката меѓу двата парламента. Во наредниот период не очекува многу сериозна и макотрпна работа, ни престои процес низ кој  практично ќе ги прилагодиме нашите институции, нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Низ овој процес треба да докажаме дека цврсто доследно стоиме на нашите определби за владеење на правото дека влегуваме во сериозна и бескомпромисна битка со корупцијата и организираниот криминап, дека сакаме судство кое што ќе испорача резултати преку кои ќе докажеме дека ниту еден носител на јавна функција особено на политичките функции нема да биде амнестиран за своите постапки во минатото. Дека интензивно ќе работиме на целосна имплементација на реформските приоритети како и унапредување на политичкиот дијалог и ќе покажеме дека имаме силни и здрави  институции кои имаат и квалитет и капацитет да одговорат на европските предизвици. Јас во тоа верувам. На тој пат очекуваме и веруваме дека ќе добиеме силна подршка од нашите колеги европратеници како и од останатите европски институции земји членки на Европската унија кои до сега ни даваа несебична подршка кога е во прашање напредокот на Република Македонија и нејзиниот евроинтегративен процес. Меѓусебната соработка и помош ќе биде од исклучително значење за нас со единствена цел, ефикасно и успешно да одговориме на задачите што не очекуваат. Јас и како дел од европското либералдемократско движење ќе  направам се како и до сега да ја сочувам и унапредам подршката од Алијансата на либералите и демократите во групата на Европскиот Парламент особено на нивниот претседател Гај Верхоштат на Хазванбален кој е претседател на неформалната група за пријателство на Република Македонија во Европската унија како и до сега кои даваа значаен придонес се разбира и известувачот за Европската унија господинот Иво Вајгл кој несебично се заложи во процесот на демократизација на Република Македонија.

Почитувани, комесаре Хан Република Македонија има кандидатски статус од 2005 година, а препораките за отпочнување на преговорите од Европската комисија ги добиваме од 2009 година. Нашите институции структури одамна веќе го имаат

потребното искуство за унапредување на процесот и конечно на отпочнување на преговори и затоа сметам дека чекорите кои ќе бидат преземени во периодот што следи ќе бидат успешни. Членството во Европската унија е наша стратешка определба како на политичари, но мнозинска определба на граѓаните на Република Македонија. Затоа ќе сториме се што е во наша моќ за нејзина што поскора реализација. Ви посакувам успешна работа и Ви благодарам на вниманието.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Фадил Зендели, заменик член на Националниот совет за евроинтеграции, повелете.

**Фадил Зендели:** Почитуван претседател на Собранието, почитуван комесар Хан, почитуван министер, европратеници, преставници на дипломатскиот кор, почитувани колеги пратеници, преставници на медиумите.

Интенција на сите политички субјекти за евроинтегерациите е иста. Сите го гледаат како стратешки процес или стратешки интерес на граѓаните но и на политичките субјекти кои што мислат дека еден ден Република Македонија да стане дел на Европската унија со полни капацитети. Но се разбира патот кон овој процес има и разлики помеѓу политичките субјекти, околу начинот како треба да се постигне до оваа финална наша позиција и се подразбира дека се бара заедничка ангажираност на опозицијата и опозицијата за ова стратешка цел да се стигне. Одговорноста на мнозинството во оваа насока е многу поголема за да се усогласат ставовите или да се постават во една линија сите капацитети или сите политички партии кои што и така имаат цел да се дел од Европската унија и заедно да се оствари оваа цел. Движењето Беса како опозициска партија го подржува овој процес договор Грција за прашањето со името иако имавме свои резерви во однос на едно прашање во однос на државјанството на граѓаните. Го подржуваме исто така и заклучокот од Советот на Европа што ни отвара врати околу отварање на преговорите со европските институции, но отварање на вратите од европските институции е условена. Со услови стари, нови, како сакаме можеме да ги нарекуваме во однос на судството, јавното обвинителство, јавната администрација, корупцијата и безбедносните структури. Овие се стари проблематики кои ни се повторуваат со години station наназад. Не дека порано не сме имале реформи околу овие прашања имало и порано реформи за овие прашања, но проблемите постојано продолжија да стојат и да се повторуваат. И во планот на Владата 3-6-9 сите овие прашања беа видени и сме слушале често од тие преставници на Владата дека сите точки или поголемиот дел од точките од овој план се остварени. Но ние како што гледаме од точките што ни ги поставува како услов Советот на Европа се токму овие прашања, судството, безбедносните структури, јавната администрација. Тогаш се поставува прашањето што сме правеле до сега, едан година од новата Влада дали сме ја оствариле целта овие институции кои се проблематични во последните години, туку од осамостојувањето на нашата држава ние сме ги поставиле на правилен пат. Констатацијата е дека не сме го направиле ова затоа и стојат овие условувања од Советот на Европа. Зошто? Секогаш говориме за политизација на судството на јавното обвинителство за политизација на јавната администрација, но политизацијата реално продолжува и денес немаме институција судски кои што се независни и денес имаме селективна правда. Продолжува селективната правда, значи во судската власт и ова е сериозен проблем кои што ние сите заедно го имаме, а треба да најдеме начин и механизми за да се надминат.

Тоа што посакувам да го истакнам уште едно прашање во однос на Законот за јазиците кој што остана по лавиринтите и не се надминува. Значи едно од значајните прашања можеби не е услов за евроинтеграциите на нашата земја, но треба да најдеме начин овој закон да стапи во сила и да се спроведе, иако јас како албански пратеник имав свои забелешки во однос на овој закон и сум били задоволен целосно околу овие прашања. Значи овој период што престанува 12 месеци навистина треба да се ги искористиме на најдобар можен начин за да ги исполниме нашите обврски, да ги исполниме овие барања и овие условувања кои што ги имаме од европските институции. Реално до сега сме потфрлиле бидејќи овие проблеми се повторуваат и се прашања кои што ние сега некој од Брисел ни ги креира и треба да се соочиме со нив. Значи овие проблеми се со години нananзад и секогаш говориме оттука дека преземаме мерки за да ги надминеме овие проблеми, но реално стоиме на место. Затоа да го искористиме ова време затоа што сме изгубиле многу години околу овие прашања, сме изгубиле генерации со политички проблеми кои што ние не сме знаеле како да ги надминеме. Значи време е сите заедно да се мобилизираме и да најдеме вистински пат кон Брисел. Благодарам.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Следна која побара збор да се обрати е госпоѓата Мерал Узеири Ферати, заменик член на Мешовитиот Парламентарен Комитет помеѓу Република Македонија и Европската унија, повелете.

**Мерал Узеири Ферати:** Благодарам колега Попоски, почитуван комесар господине Хан, почитуван амбасадор, почитуван господине Вајгл, почитувани преставници на медиумите, почитувани колеги.

Ќе ја релаксирам малку атмосферата и знаете дека само што заврши Светското првенство во фудбал и сметам дека треба да се жртвуваме како што шампиони и победници бидејќи сме дел од една екипа победничка и за ова треба да сме горди бидејќи реализираме еден сон на граѓаните на Република Македонија. Евроатланскиот дискурс секогаш бил кохезивен елемент за прогресивните демократски сили во нашата земја истовремено секогаш се спротивставуваше на ретроградните сили кои што се спротиставиле на една ваква идеја и ако потфрли како ретроградно мислење сеуште за жал е присутен и сеуште не може да го отстраниме и ова продолжува да преставува голем предизвик за нас кои што сме мултиетничко општество. Во одредени моменти често апокалиптични егзистенцијални позитивниот меѓународен фактор играше колосален фактор и во различни периоди при кои што нашата земја имаше големи предизвици и потешкотии. Во овој контекст ја користам можноста во име на Демократската партија на Албанците и во мое лично име лично да им на господинот комесар Хан, на европратеникот Иво Вајгл, амбасадорот и сиот меѓународен фактор за нивната посветеност, внимание, подршка која што ни ја даде. Благодарам над се за вашата доверба во нас. Ние имаме многу работа пред нас и треба да сме свесни, најважно е да сме свесни дека евроинтеграциите или оваа ситуација само по себе нема да ги решава проблемите кои што ги имаат граѓаните. Евроинтеграциите или добивање на поканата за НАТО не е лек кој ќе ги реши проблемите на граѓаните со кои што се соочуваат секојдневно. Затоа почитувани колеги пред нас имаме многу голема работа, не чека доста голема работа. Сеуште продолжуваме да се соочуваме со голем предизвик и можеби еден голем предизвик и се меѓуетничките односи кои што никој не ги спомна меѓуетничките односи овој однос треба перманентно да се релаксира. Треба да сме многу внимателни во оваа насока бидејќи имајте во предвид дека во нашето

општество бидејќи е мултиетничко едно загрозување и подгревање на меѓуетничките односи е доста опасна искра до колку не се третира со потребниот фуриозитет. Имаме многу работа во насока на изградба на владеење на правна држава и владеење на законот што е фундаментално право на Европската унија каде што ќе градиме силни институции веродостојни кои што ќе служат само на граѓаните, граѓаните ќе имаат услуга каква што им припаѓа. Имаме многу работа во однос на борбата против корупцијата, борбата против организираниот криминал, имаме доста работа за реформа на администрацијата, имаме многу работа во однос на зголемување односно намалување на невработеноста. Имаме доста работа да се прави за граѓаните и за нашите деца, за наредните генерации. Ние сме тие кои што треба да им овозможиме перспектива во нашта земја, овде каде што се родени. Ние сме тие кои што треба да им обезбедиме еден слободен живот и безбеден. Пред нас имаме период при што треба да бидеме многу сериозни при одлучување, бидејќи одлуките кои што ќе ги донесеме тие се за нашите деца, за наредните генерации. Ви благодарам.

**Никола Поповски:** Ви благодариме.

Следна е госпоѓа Савка Тодоровска од Граѓанската платформа на Македонија, би ве замолил само за поконцизност сите, за да оставиме простор за преостанатите говорници.

**Савка Тодоровска:**

Дали може од место?

**Никола Поповски:**

Повелете госпоѓа Тодоровска. Можете од место.

**Савка Тодоровска**:

Почитуван претседател Попоски и сите гости, Ви благодарам што сум денеска овде присутна, за да можам од Граѓанската платформа за родова еднаквост и од мојата матична организација Национален совет за родова рамноправност и СОС телефон за сите родово базирани жртви на домашното и воопшто за насилството, и г-дине Хан, заради времето нема да говорам друго, сакам само да Ви поставам две прашања. Лично до Вас. Тоа е, каде Вие како еден искусен политичар ја гледате Република Македонија за десет години наредни и второто прашање како ја гледате улогата со вашето искуство од другите држави, улогата на граѓанските организации, на граѓанскиот сектор во успешно спроведување на референдумот. Ви благодарам.

**Никола Поповски:** Ви благодариме за интервенцијата.

Ќе го оставиме комесарот на крај, доколку може евентуално сите поставени прашања, заедно да ги одговори.

Госпоѓа Данела Арсовска, претставник на Националниот совет од Сојузот на стопански комори на Македонија. Повелете.

**Данела Арсовска:**

Добар ден, ви благодарам на правото денеска да Ви се обратам. Би сакала да ви се заблагодарам на сите присутни денеска тука, не само што сум член на оваа Комисија, туку сум и претставник на деловната заедница во Република Македонија и го претставувам Сојузот на стопански комори на Република Македонија. Денеска нема да поставувам прашања, ниту пак ќе зборувам за општата ситуација во Република

Македонија, затоа што мислам ние тука многу убаво си ја знаеме. Кратко само имав една многу интересна ситуација во изминатите неколку дена, а тоа е од еден од претставниците на трите ајде власти ќе ги кажам кај нас, на прашање како се креира како се формира Буџетот во Република Македонија, не знаеше да одговори. Тоа е нашиот проблем. Ние како деловна заедница, како луѓето кој што произведуваме, работиме и го креираме Буџетот во Република Македонија треба да имаме глас по тоа што ќе се случува, како ќе се движат процесите, а особено глас од тоа што го напомена комесарот во неговото навистина убаво обраќање на почетокот, а тоа е дека засегнатите релевантни страни имаат клучна позиција во процесот за интегрирање на Република Македонија во евроинтегративните процеси. Затоа г-дине Хан би сакала да Ве поздравам, сме имале можност досега во повеќе наврати и да се видиме и да поразговараме на некои од темите за кои што сме денеска тука, меѓутоа би сакала до Вас да апелирам како комесар за проширување во Европската комисија, да се посветиме малце на она што е иднината на Република Македонија и ова сега што го кажавте дека сме клучни во процесите како релевантни засегнати страни, особено во процесите не само на консултирање, туку и во процесите на одлучување, да го видиме тоа истото и на дело, а не само како нешто што е ставено на хартија и како форма без суштина. Ви благодарам.

**Никола Попоски:** Ви благодариме г-ѓа Арсовска,

Следен пријавен е г-динот Насер Селмани, од Здружението на новинари на Република Македонија

**Насер Селмани:** Благодарам Попоски.

Дами и господа, драги пријатели од Европа, Ваши екселенции. Дозволете ми во името на македонските новинари да пратам неколку пораки на присутните. Прво е до комесарот Хан. Навистина драго ми е што во Европа се засилува свеста дека Балканот е Европа, затоа што корените на европската цивилизација се во Балканот. Сакам да ве замолам во наредниот период на преговорите за пристапување на Македонија во Европската унија да давате повеќе внимание на медиумските реформи. Слободни и професионални медиуми се кислород на секоја демократија, а македонската демократија има потреба од многу кислород. Професионални медиуми се најдобар лек против злоупотребата на секоја власт. Втората е до власта. Има промена во медиумите, но тие промени се далеку од тоа да бидат оддржливи. Ние како новинарско здружение соработуваме и ќе соработуваме со Вас. Но, мора да се договориме за неколку принципи. Мора да прекине политиката на неказнивост на насилство на новинари. Бројот на напади е намален во последната година, полицијата новите напади ги расчистува поефикасно, но за жал досега ниеден од насилниците не е изведен пред лицето на правдата. Министерство за внатрешни работи тврди дека не може да ги обнови истрагите за старите напади врз новинарите од времето на претходната власт, затоа што тие се воделе непрофесионално и во некои случи дури и биле уништени докази. Ако не може да се обноват истрагите, можете да побарате кривична одговорност за луѓето во полицијата што воделе неквалитетни истраги, и што ги уништувале доказите. За политиката на неказнивост на напади на новинари, немојте да се криете зад Обвинителството. Ве потсетувам дека новиот државен обвинител е избран од новата власт, седнете, разговарајте со него и договорете се како ќе се справите со политиката на неказнивост на насилство на новинари. Погрешен ви е пристапот со реформата во јавниот сервис. Реформа нема да има со помалку пари во МРТ. Лани намаливте 40% од буџетот на МРТ. Сега ќе додадете во нејзиниот

буџет. Се потврди нашето укажување дека со 12 милиони евра МТВ не може да биде ни независно, ни професионално. Системот на финансирање мора да биде ослободен од политички влијанија и тој не може да зависи од волјата на било која власт. Третата порака е за опозицијата. Немојте да го блокирате донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, затоа што предложените измени со исклучок на моделот за финансирање на МРТ се добри за медиумите. Вашиот глас ќе одлучи за изборот на новите управни органи на МРТ и Агенцијата за медиуми затоа што во Законот е предвидено 2/3 мнозинство. Оставете овој закон да помине, затоа што имате многу други закони со кои можете да се пазарите со власта. Последната порака е до моите колеги. Колеги не очекува тежок период, поголема слобода велат е поголема одговорност, ве молам да бидеме доследни во почитувањето на основните принципи на кодексот на новинарите тоа што единствено нас не легитимира нас како новинари. Ви благодарам на вниманието.

**Никола Поповски:**

Ви благодарам господине Селмани, би ви предложил сите прашања како и претходните говорници кои се однесуваа или коментари кои ги очекуваме од комесарот да бидат заедно изложени на крај. Би благодарам.

Конечно г-ѓа Иванка Василевска, претставник на Кабинетот на претседателот на Република Македонија. Повелете.

**Иванка Василевска:**

Добар ден почитувани екселенции, почитуван претседателе на Националниот совет за евроинтеграции, почитуван г-дин Јоханес Хан, Иво Вајгл, амбасадорот Жбогар, претседателот на Собранието Талат Џафери, почитувани колеги, интелектуалци, дами и господа сите добро познати тука меѓусебе, почитувани медиуми. Ја имам оваа можност да ви се обратам денеска, не само како преставник на Кабинетот на Претседателот Иванов, туку како преставник на оние чии што глас во моментов е заробен, бидејќи верувале или не во Република Македонија денеска имаме сеуште политички прогон од ист ранг како оној од 45-та до 49-та година. Во Република Македонија почитувани пратеници е суспендиран правниот, политичкиот, судскиот и обвинителниот систем. По пат на политичко насилство противуставно беше инсталирана и оваа актуелна извршна власт. По ветувањата и гаранциите кои беа писмено дадени на претседателот Иванов од страна на премиерот Зоран Заев, македонското општество го прифати компромисот да транзитираме кон поредок. Но, по само една година почитувани, не можеме, а да не констатираме дека во Република Македонија владеењето на правото како темелна уставна вредност е тотално поништена. Додека почитувањето на индивидуалните слободи и права на граѓаните се суспендирани и загрозени. Поради непочитувањето на Уставот и на законите на Република Македонија надвор од уставните ингеренции, извршната власт воспостави самоволие и ги загрози националните и државните интереси. Во исто време со помош на опструираното судство во континуитет се спроведува политички прогон и лов на вештерки против сите неистомисленици.

Почитувани, секој цивилизиран правен поредок се постулира на начелото според кое нема деликт и нема казна без нивна законска утврденост. И на крај да има човек свое мислење, денес во Република Македонија тоа е прашање на совеста.

Ви посакувам пријатен престој во Република Македонија и Ве замолувам во името на семејствата на Граѓанската иницијатива „Илинден 4“ да го примите нашето писмо во кое што ќе прочитате што се случува со нашите луѓе денес.

**Никола Поповски:** Ви благодарам за обраќањето.

Би го замолил комесарот Јоханес Хан да искористи оваа можност за заклучни согледувања и да даде коментари или одговори на некои од поставените прашања, доколку така цените. Благодарам.

**Јоханес Хан:**

Ви благодарам за оваа многу жива и барем од моја гледна точка интересна дебата, бидејќи даде еден многу добар почеток, различните мислења во државата. Ќе се осврнам на неколку прашања. Ќе се вратам овде во средината на месец септември. Причината за тоа е затоа што организираме по втор пат т.н. Медиумски денови за Западниот Балкан. Последниот таков настан се одржа во Албанија, во Тирана, годинава ќе се одржи во Скопје. Овие медиумски денови, овој настан токму се обидува да се осврне на предизвиците и можеме да речеме недостатоци со кои се соочуваме не само во Западниот Балкан. На пример прашањето на јавниот радиодифузен сервис, еден од клучните теми за дискусија, она што вие го спомнавте за вашата земја не е само проблем на оваа земја , туку и во многу други земји во регионот и пошироко, се соочуваат со проблемот каде јавниот радиодифузен сервис е се под поголем притисок, исто прашањето на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис и како да се гарантира финансирање кое што ќе ги отстрани сите политички влијанија. Ве поканувам да дојдете на тие медиумски денови кои што ќе се организираат овде на 17 или 18 септември, овде во Скопје. Второ, ме прашавте што би можело да биде придонес на граѓанското општество во однос на престојниот референдум, но исто така и во однос на процесот на приближување кон Европската унија. Многу е битно да овој референдум му овозможи секому да придонесе и секој да си го следи своето лично чувство и разбирање за тоа, каква иднина сака за својата земја и за позицијата на вашата земја во поширокото европско семејство. Не треба овој референдум да биде заложник на било какви партиски препукувања и игри и тука има улога и граѓанското општество да се помогне за таа непристрасност околу референдумот. И очекувам од организациите на граѓанското општество да се ангажираат во една политичка дебата за судбината и иднината на вашата земја. Ако тоа биде така, дозволете да го искажам моето мислење, дека потоа ќе може да се оди на следната фаза, а следната фаза е врз основа на скринингот да се започнат потоа преговорите. Јас помалку говорам за преговори, а повеќе говорам за процеси. Ќе треба време да помине , ќе одземе време, но тоа исто така е можност да се извршат промени на позитивен начин на размислувањата во општеството, и во државата и да се отвориме повеќе во општествениот свет и тука сосема јасно гледам дека овој процес ни дава на сите нас огромна можност да ги промениме работите. Многу од темите кои беа покренати денес и за кои сум целосно свесен се работи за кои што мислам дека преговорите и пред се самиот процес ќе ни помогнат да ги промениме тие работи и самиот изглед на земјата, на општеството, да се зајакне демократијата, да се зајакне потребата од постигнување компромис. Компромисот не е нешто негативно, тоа не значи дека некој изгубил, а друг добил, дека некој е поразен. Добар компромис во демократијата значи дека сите малку треба да попуштат, за да на крајот сите добијат. Значи, тоа дека треба да се гледа како вин-вин ситуација како наоѓање решение. Сите ние имаме различни ставови, еве денешнава расправа беше доказ за тоа. Имаме различен став кон работата. Но на крајот на краиштата потребна ни е одлука за која и да е темата и кога зборуваме за европските аспирации, европското

членство на нив треба да се гледа како на национална цел затоа се потребни многу одлуки, дозволете да да кажам и компромиси, компромиси од страна на политичките партии. Овде мислам дека граѓанското општество може да игра важна улога и би сакал да го замолам граѓанското општество, да ги покрие и руралните средини во вашата држава, бидејќи знам од искуство во другите земји дека граѓанските организации многу често премногу се фокусирани само на главниот град или на поголемите градови, затоа е од огромна важност да се покрие целата територија на државата, со цел навистина да се оправда називот граѓанско општество, бидејќи општеството не постои само во главниот град на државата, туку општеството е нешто што ги покрива сите делови на државата. Ова ме доведува до мојата последна размисла, а тоа е, дека сметам дека е важна голема посветеност владеењето на правото , почитување на Уставот и ова важи за сите во една држава, и за јавните службеници и за функционерите и поединечните граѓани и во тој контекст очекувам дека приговорите можат да дадат свој придонес, голем придонес кон зголемена посветеност и кон конкретна примена на владеењето на начелата на правото. Ако сето ова биде така, и ако сето ова се постигне, можам да дадам одговор на вашето последно прашање, каде ја гледам вашата земја по десет години. Ако сето ова се материјализира би било реално да се каже дека реално за десет години вашата земја би можела да стане членка на Европската Унија и тоа треба да биде наша цел. Кон тоа и работиме, барем вашите ученици во тоа време да бидат студенти кои што се блиску до дипломирање на факултет и тоа треба да биде цел да се дипломира за Европската Унија и тоа не само додипломски студии, туку и магистерски и докторски студии. Ви посакувам се најубаво, ви посакувам плодни дискусии, преговори меѓу вас и многу е важно секогаш да го имаме на ум компромисот. После сите мои искуства со Вас и непроспиени ноќи сум имал поминати во преговори со вас, немојте да чекате секогаш до последен момент, има можности работите да се завршат, не во последниот момент на последниот ден, туку еве нека биде неколку дена порано, пред крајниот рок и тоа сигурно придонесува кон квалитетот на исходот на крајниот резултат ако не се чека до последниот момент. Тоа е се, како дел еден од поквалитетни преговори и пронаоѓање на компромис. Уште еднаш се најдобро Ви посакувам и се надевам дека ќе видам многу од вас и во наредните месеци. Ви благодарам што ме примивте мене и мојата екипа овде во Скопје, во Собранието. Благодарам.

**Никола Поповски:**

Ви благодарам комесаре Хан, не го потценувајте значењето на техничкото образование. Мислам дека нашата битка ќе биде за ова момче и девојче, овде да најде работа и овде да остане во Република Македонија, без разлика на образованието. Но, би се согласил во една работа не можеме да кажеме дека, Ве разочаравме денес со демократскиот капацитет, да ви ги соопштиме или да ги споделиме различните видувања, доколку Моне и Шуман би можеле да не погледнат денес како ние се однесуваме во однос на Европската Унија, една има добра вест, една лоша вест. Би почнал со лошата дека сеуште имаме потешкотии и од една и од друга и од трета страна да вариме различни размислувања и видувања, веројатно ни треба дополнителен демократски капацитет за да тоа го совладаме, но добрата вест е дека покрај разликите сите сме свесни дека Европската Унија е нашата иднина, најдобар гарант за успех, јас верувам дека за 10 години од денес многумина ќе можат да кажат дека ова не биле потрошени времиња, и дека навистина сме напредувале, не само во печатење на закони, туку и во примена.

Ви благодарам уште еднаш.

Седницата на Советот заврши во 13.02 часот.